Врз основа на член 46 став 9 од Статутот на Триглав Осигурување АД Скопје, а во врска со член 390 став 10 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010 и 24/2011)

**ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД**
**Објавува**
**РЕВИДИРАН ДНЕВЕН РЕД**
за 30. седница на Собрание на акционери на Друштвото

I. **ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ:**
1. Избор на претседавач на Собранието;
2. Избор на бројач на гласови.

II. **РАБОТЕН ДЕЛ:**
1. Донесување на Одлука за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Триглав Осигурување АД, Скопје;
2. Избор на член на Одборот на директори.

30. седница на Собранието на акционери на Триглав Осигурување АД, Скопје, ќе се одржи на ден 20.12.2011 година со почеток во 12,00 часот, во седиштето на Триглав Осигурување АД, Скопје, бул. „Октомвриска револуција" бб, 1000 Скопје.
Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието.
Секој акцинер кој има намера да учествува на седницата на Собранието на Друштвото, е должен да го пријави своето учество на Собранието (пријава за учество) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.
Пријавите да се достават на адреса бул. „Октомвриска револуција" бб, 1000 Скопје, за Советник за правни и корпоративни работи.
Секој акционер може да овласти свој полномошник на Собранието на еден од следните начини:
- со потпишување на писмено полномошно заверено на нотар;
- со давање на полномошно во писмена форма, без обврска да го заверат полномошното на нотар, при што акционерот е должен писмено да го извести Друштвото за даденото полномошно и да достави доказ за неговиот личен идентитет. Обрасците за давање на полномошно во писмена форма се достапни за превземање на интернет страницата на Друштвото.
- со овластување на полномошници по електронски пат на следната електронска адреса: osig@triglav.mk.

Секој акционер има право да предложи точки на дневен ред и да предложи усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени во дневниот ред, најдоцна во рок од осум дена од денот на објавување на повикот.
Постапката за предлагање на нови точки на дневен ред, предлагање на одлуки по секоја од точките кои се вклучени во дневниот ред и начинот на поставување на прашања за точките од дневниот ред се објавени на интернет страницата на Друштвото.
Материјалите за седницата на Собранието на акционери на Друштвото се достапни на акционерите од денот на објавување на повикот, секој работен ден од 09-14 часот на приемната рецепција на први кат во деловната зграда ХИПЕРИУМ, на бул. „Октомвриска револуција" бб и на интернет страницата на Друштвото: www.triglav.mk.

triglav

ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД